Архивски број: 08-68/6
12.07.2024 година

Постапувајќи по претставката бр. 08-844/1 од 07.12.2023 година, поднесена од од Скопје против Државен просветен инспекторат, за заштита од дискриминација, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 27 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 258/2020), на 25.04.2024 година го донесе следното

**М И С Л Е Њ Е**

НЕ СЕ УТВРДУВА ДИРЕКТНА ДИСКРИМИНАЦИЈА и ВОЗНЕМИРУВАЊЕ врз основ на национална и етничка припадност и лично својство и општествен статус сторени врз од Скопје од страна на Државниот просветен инспекторат, односно в.д. директорот во областа на работа и работни односи.

**О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е**

На ден 07.12.2023 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (во натамошниот текст: Комисијата), доставена е Претставка бр. 08-844/1 од од Скопје со адреса на
Подносителот во претставката тврди дека врз него е извршена дискриминација од страна на Државен просветен инспекторат, односно в.д. директорот , со тоа што против него тенденциозно е покрената иницијатива за спроведување на дисциплинска постапка, како и дека е направено негово прераспоредување на друго работно место, но и други тенденциозни постапувања против него.

Имено, подносителот истакнува дека на ден 27.04.2023 година, спротивно на праксата на дотогашното работење на Државниот просветен инспекторат во изминатиот период, пријавениот в.д. директор самоволно и без никаква почит кон инспекциската служба направил промени од одделение во одделение на инспекторите-македонци, наместо да направи евалуација на работата на инспекциската служба и врз основа на сериозни анализи и заклучоци да пристапи кон изнаоѓање на соодветни решенија, истиот врши дискриминација по национална и етничка припадност, како и оневозможување на соодветно приспособување и оневозможување на пристапност и достапност на добрата и услугите. Во групата на инспекторите засегнати од промените е и тој. Поради тоа бара во претстаката да се преземат мерки и активности и да се поништи дискриминаторското Решение

од година на в.д. директорот на Државен просветен инспекторат.
Понатаму, на ден 03.07.2023 година, пријавениот в.д. директор продолжил со пречекорување на службената положба и овластување, со тоа што малициозно, злонамерно и дискриминаторски поднел Иницијатива бр.0 од година

за поведување дисциплинска постапка против него, споредбено со сите други вработени, врз основа на самоволна симултана проверка на Предмет бр од година и година доставен до Државниот просветен инспекторат од страна на Државната комисија за спречување на корупција, за извршен вонреден инспекциски надзор во месец февруари 2023 година на . Според подносителот, директорот за предметната материја немал елементарни познавања и врз основа на самоволен и дискриминаторски однос, вршел проверка исклучиво наменски за него и неговото работење споредбено со другите инспектори кои исто така постапувале на тој универзитет. Односно врз основа на политичко уверување тој извршил дискриминација по асоцијација врз него, што произлегува од очигледна тенденција поради различни политички уверувања на в.д. директорот на Државниот просветен инспекторат и раководството на Подносителот истакнува дека в.д. директорот бил уверен дека во работата на универзитетот имало неправилности и дека таков требал да биде и контролираниот записник во кој додавал и наметнувал наводи по кои симултано наводно постапувал и таквиот третман бил само за него, како инспектор кој го извршил вонредниот инспекциски надзор по поднесено барање од страна на Државната комисија за спречување на корупција за вршење на вонреден инспекциски надзор на . Таквите проверки по Предмет бр од година и година од спроведен инспекциски надзор, в.д. директорот ги правел во месец февруари 2023 година без никаков правен основ. Па наместо предметот да го сметал за завршен правосилно, тој на 03.07.2023 година до раководителот на Сектор за инспекциски надзор доставил Иницијатива бр. д година во која, според него, самоволно додавал наводи по кои со Задолжение бр година, истиот покренал иницијатива за поведување дисциплинска постапка против него, додека за другите инспектори немало таква самоволна активност од негова страна. Следствено, раководителот ја препишал содржината од иницијативата на директорот и поднел Предлог бр. од година за покренување на дисциплинска постапка за утврдување на дисциплинска одговорност. Од сето тоа видна била намерата на в.д. директорот спрема него, што според подносителот тој поттикнувал, повикувал и инструирал дискриминација спрема него. Тој истакнува дека дел од кореспонденцијата во врска со спроведувањето на дисциплинската постапка од страна на претседателот на дисциплинската комисија се реализирала преку електронска пошта, а дел директно му била доставена на рака на работното место. Самата расправа пред дисциплинската комисија, истакнува дека траела два часа, а содржината на записникот ја направиле по инструкција на в.д. директорот, за што тој не го потпишал самиот записник. Санкцијата од спроведената дисциплинска постапка била изречена за време на негово боледување.

Дополнително тој наведува дека в.д. директорот тенденциозно не му го доставил навремено достава Решението на Комисијата за одлучување по жалби и приговори на административните службеници при Агенцијата за администрација и не ги почитувал насоките дадени во истото решение.

Понатаму, подносителот наведува дека повторно в.д. директорот исклучиво само за него споредбено со другите инспектори или други вработени кои биле на боледување, правел проверка на неговото боледување кај неговиот матичен лекар.

Подносителот истакнува дека самоволието на в.д. директорот продолжило преку негово дискриминирање споредбено со други вработени поради негово лично својство, со негово преместување во одделението за инспекциски надзор во основното и средното образование, каде има сосема различна и нова материја за работа, во однос на материјата која ја работел во изминатите повеќе од 9 години во одделението за инспекциски надзор во високо образование, со што според него, не му било оневозможено соодветно приспособување, дотолку што без соодветна обука и компетенции, директно го ставил во план за интегрална евалуација, која пак претставува сериозен инспекциски надзор на сите основни и средни училишта. Тој бил повикан на 28.04.2023 година од страна на раководителот на Сектор за инспекциски надзор каде му било врачено Решение бр.0 година за префрлување на работно место и определување на плата од Одделението за инспекциски надзор во високото образование во Одделението за инспекциски надзор во основното и средното образование при Државниот просветен инспекторат. Решението било донесено од страна на в.д. директорот на Државниот просветен инспекторат , ез никаков претходен разговор или забелешки за неговата работа. Тој посочува дека со таквото решение е донесено дискриминаторски и злонамерно со цел за нарушување на достоинството на вработените македонци врз дискриминаторски основ по национална и етничка припадност, наместо истиот да води сметка за условите и професионалниот развој на вработените во инспекторатот. Со тоа тој вршел вознемирувачки активности што претставува непријателска и понижувачка средина и практика за него, а која се одразила и на неговата здравствена состојба.

Поради сето наведено, подносителот бара од Комисијата како надлежен орган за заштита и спречување на дискриминација, да постапи по неговата претставка и писмено да го извести за преземените дејствија и исходот на постапката.

Подносителот со поднесок за дополнување на претставката, во копии до Комисијата достави Одлука бр. 3 година, Решение бр. од година, мејл од година, Достава со датум од година на Одлука бр. од 3 година, Плико со датум од година и Извештај со број на пратка R

Комисијата со барање бр од година побара од Државниот просветен инспекторат, односно в.д. директорот да се изјасни за наводите во претставката согласно член 27 став 7 од Законот за спречување и заштита од дискриминација.

На 12.01.2024 година, Државниот просветен инспекторат, односно в.д. директорот со допис бр. д година се изјасни за наводите во претставката. Во одговорот се истакнува дека не постои никаква дискриминација во однос на распоредувањето на работникот Тие истакнуваат дека Законот за просветната инспекција не предвидува инспектор за основно, средно или високо образование, туку предвидува еден вид на инспектор, а тоа

е државен просветен инспектор. Распоредувањето е направено за потребите на институцијата, а во согласност со член 43 став 1 од Законот за вработените во јавниот сектор на исто ниво и во иста група на вработени. Посочуваат дека Решението со дел. број 0:                година е примено од страна на работникот
и против него не е поднесена никаква жалба, со што истото опстојува во правниот промет веќе неколку месеци. Напоменуваат, дека работникот во целост ги исполнува општите и посебните услови за работното место за кое е распореден согласно Актот за систематизација на работните места во Државниот просветен инспекторат.

Понатаму, истакнуваат дека не постои никаква дискриминација во однос на поведување на дисциплинска постапка, ниту пак постои пречекорување на службената положба и овластување, ниту имало малициозно, злонамерно и дискриминаторско однесување. Наведуваат дека в.д. директорот на Државниот просветен инспекторат откога дознал за сторена повреда од страна на работникот
поднел иницијатива за поведување на дисциплинска постапка. В.Д. Директорот поднел само иницијатива, па потоа врз основа на член 77 став 5 од Законот за административни службеници („Службен весник на република Македонија" бр. 27/2014, 199/2014, 48/2015, 1584/2015, 5/2016, 142/2016 и 1/2018 и „Службен весник на "Република Северна Македонија" бр. 275/2019, 14/2020 и 99/2022 година),
поднел Предлог за покренување дисциплинска постапка за сторен дисциплински престап број
од 07.07.2023 година за                Следствено, врз основа на поднесениот Предлог, директорот на Државен просветен инспекторат на 10.07.2023 година донел Решение за формирање Комисија за водење на дисциплинска постапка за дисциплински престап со број (                година. Од страна на Комисијата за водење на дисциплинска постапка за дисциплински престап е одржана седница на ден 21.07.2023 година. Комисијата, по спроведената главна расправа, а согласно записниците од расправата и земајќи ги во предвид сите факти и докази, истата утврдила дека државниот службеник                го сторил дисциплинскиот престап за кој се повикува и донела Предлог за изрекување на дисциплинска мерка за сторен дисциплински престап по предлогот за поведување постапка за утврдување дисциплинска одговорност број C                година. Паричната казна на државниот службеник                му се изрекла поради неизвршување, несовесно, ненавремено или небрежно вршење на работните задачи согласно член 75 став 1 точка 1 од Законот за административни службеници. Тие образложуваат во дописот дека видно од приложените списи записник со број 0                и прилозите кон записникот дадени со предмет број                година како и прилозите кои се составен дел од Записникот се утврдило дека административниот службеник во Записникот во точка 5 (пет) нема наведено материјален законски основ за вршење на вонредниот инспекциски надзор а во врска со наводите од Задолжението број                година дадено од Директор на ДПИ и наводите во барањето доставено од ДКСК. Од утврдената фактичка состојба во постапката, се увидело дека наведени се само списи земени и разгледани за време на вонредниот инспекциски надзор без да се пристапи кон утврдување/образложување на фактичката состојба

односно не е разгледана постапката за избор на Ректор кој воедно е и навод во задолжението и поднесеното барање од ДКСК. Наведуваат и дека не е наведена списа со која ќе се констатира кога и до кога бил избран ректор на високо образовната установа, за што не може да се утврди кога требало да се отпочне постапка за избор на ректор, а воедно таксативно се наведени изборите на в.д. ректори (тројца) и имајќи ги во предвид изборите на в.д. ректорите почнувајќи од ина. на на одина. Наведеното е во насока на образложување на спроведениот вонреден инспекциски надзор, истакнувајќи го начинот на спроведување и наводно несоодветно повикување на одредби од закони.

Во однос на дисциплинската постапка против подносителот истакнуваат дека истата била запрена со Решение со дел. број година врз основа на Одлука со дел. број година на Агенцијата за администрација.

Понатаму, истакнуваат дека проверката на боледувањето на подносителот ја вршел Фондот за здравствено осигурување на РСМ, а не Државниот просветен инспекторат, за што не постоела никаква пречка да се извршела проверка доколку постоело основано сомнение за злоупотреба на боледување. Во конкретниот случај, според нив постоело основано сомнение, бидејќи во сред водење на дисциплинската постапка, работникот отворил боледување, со што создал сомнеж за неговата веродостојна здравствена состојба, па за да се потврдат или отфрлат одредени претпоставки право имало раководното лице на институцијата да достави барање до надлежен орган да изврши таква проверка, без притоа да има за цел да се повреди достоинство, да прави заканувачка, непријателска и понижувачка практика кон работникот

Во дописот потенцираат уште еднаш дека не постои никаква дискриминација во однос на распоредувањето на работникот Следствено, во однос на тоа истакнуваат дека вршењето на интегрална евалуација на воспитно - образовните установи, инспекторатот го врши преку инспекциски надзор и дека во таа смисла тоа претставува редовна работна задача на инспекторот, за која не може да се врши обука.

Кон дописот во копии се доставени: Решение за распоредување на работно место и определување на плата број година; Иницијатива за поведување на дисциплинска постапка бр. 0 година; Предлог за покренување на дисциплинска постапка за утврдување на дисциплинска одговорност бр 3 од година; Решение за формирање Комисија за водење на дисциплинска постапка за дисциплински престап со број година; Записник од седницата на Комисијата за водење на дисциплинска постапка за дисциплински престап број година; Информирање/Известување од членови на дисциплинска комисија до в.д. Директорот бро Предлог за изрекување на дисциплинска мерка за сторен дисциплински престап по предлогот за поведување постапка за утврдување на дисциплинска одговорност бр. 3 година; Решение за изрекување на дисциплинска мерка година Одлука со дел. број одина на Агенцијата за администрација доставена во ДПИ на 15.10.2023 година со бр. година; Достава на

одлуката од Агенција за администрација д
година и Решение број ( од 1 година.

Подносителот на 05.02.2024 година со допис бр. 08-68/2 ја дополни претставката. Во дописот тој ја известува Комисијата дека против него, а по веќе поднесената претставка, повторно била спроведена уште една дисциплинска постапка, со што се потврдувале наводите во веќе доставената претставка дека дејствијата на веќе пријавениот в.д. директор претставуваат дискриминација по асоцијација, односно биле мотивирани поради наведената дискриминаторска основа во поднесената претставка. Тој истканува дека видно од начинот на отпочнувањето и спроведувањето на дисциплинската постапка, пријавениот в.д. директор малициозно, злонамерно и дискриминаторски преку злоупотребување на службената положба и овластување поднел Иницијатива бр. раководителот на Сектор за инспекцики надзор, за понатаму раководителот само да ја препишел таквата иницијатива и ја даде како Предлог бр. пријавениот в.д. директор. Пријавениот в.д.директор формирал дисциплинска комисја, во која сите членови според подносителот имале директен интерес од страна на пријавениот в.д.директор, дотолку што еден член неколку дена пред отпочнувањето на дисциплинската постапка бил награден како Раководител на одделениет за иснцекциски надзор во високото образование, додека другиот член бил награден како Раководител на одделение за инспекциски надзор во основното и средното образование со Овластување бр. одина. Исто така, наведува дека и другите членови имале директни бенефиции од страна на пријавениот в.д. директор. Понатаму тој наведува дека до него доставиле само покана бр. година за расправа на седница, во која освен општи информации, злонамерно погрешно го наведувале дека не извршувал работни задачи, без притоа да наведат конкретно за кој или кои предмети станувало збор. Во отсуство на јасни информации на одржаната расправа барал одложување на расправата за подобро да ја спреми одбраната, за што бил отстранет од самата расправа и записникот од расправата не бил потпишан од негова страна. Од таквата дисциплинска постапка, наведува дека сè уште нема добиено никакви акти или одлука.

Во прилог на дописот во копии до Комисијата се доставени Покана за расправа, Доделување на решение за член на комисијата и Овластување бр. година.

Подносителот уште еднаш на 08.02.2024 година ја дополни претставката со допис бр. 08-68/3 со доставување на Одлука на ДКСК бр. 12-176/7 од 07.02.2024 година со која се запира постапка пред ДКСК за утврдување на состојба за незаконско именување на в.д. директор на Државен просветен инспекторат во која утврдуваат дека именуваното лице не ги исполнува минималните предвидени услови за таа функција, за што ќе се достават иницијативи до соодветни надлежни органи.

Комисијата со Барање бр. 08-68/4 од 12.02.2024 година, побара од Државниот просветен инспекторат дополнителни податоци и информации. Од инспекторатот е побарано да ги достави сите записници со целокупна документација од сите покренати дисциплински постапки против вработени во Државниот просветен

инспекторат, за периодот од месец март 2023 година до заклучно со месец февруари 2024 година, сите иницијативи или предлози за покренување и водење на дисциплински постапки, за кои не се покренала дисциплинска постапка, за истиот горенаведен период, сите решенија за прераспоредување на вработени во инспекторатот донесени од в.д. директор и записник од седница за утврдување на одговорност за сторен дисциплински престап, дисциплинска постапка бр. ина.

На 21.02.2024 година Државниот просветен инспекторат со допис бр. 0306-28/4 од 19.02.2024 година до Комисијата ги достави бараните податоци. Воедно во однос на барањето за доставување на иницијативи и предлози за покренување и водење на дисциплински постапки, за кои не се покренале дисциплински постапки во периодот од март 2023 година до февруари 2024 година, известуваат дека не постојат иницијативи и предлози за покренување и водење на дисциплински постапки за кои не се покренале дисциплински постапки.

Согласно член 5 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, се забранува секоја дискриминација врз основа на раса, боја на кожа, потекло национална или етничка припадност, пол, род, сексуална ориентација, родов идентитет, припадност на маргинализирана група, јазик, државјанство, социјално потекло, образование, религија или верско уверување, политичко уверување, друго уверување, попреченост, возраст, семејна или брачна состојба, имотен статус, здравствена состојба, лично својство и општествен статус или која било друга основа.

Дискриминација согласно член 6 од истиот Закон е секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа, со сторување или не сторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група на еднаква основа со други.

Комплементарно на наведеното, директна дискриминација, согласно член 8 став 1 од Законот, постои кога со едно лице или со група се постапува, се постапувало или би се постапувало понеповолно во однос на друго лице или група во фактичка или можна споредлива или слична ситуација, врз дискриминаторска основа.

Вознемирување согласно член 10 став 1 од истиот Закон, претставува несакано постапување кон лице или група лица врз дискриминаторски основи што има за цел или последица, повреда на достоинството или создавање на заканувачка, непријателска, понижувачка или застрашувачка средина, пристап или практика.

Ценејќи ги подеднакво наводите во претставката на подносителот и прилозите кон неа и наводите и доставената документација во одговорите на Државниот просветен инспекторат, Комисијата ја утврди следната фактичка состојба:

- Подносителот на претставката со Решение бр д година на в.д. директорот на Државен просветен инспекторат бил прераспореден од Одделението за инспекциски надзор во високото образование во Одделението за инспекциски надзор во основното и средното образование при Државниот просветен инспекторат. Во истиот период согласно добиените податоци,

односно решенија за распоредување од ДПИ, прераспоредени од едно на друго работно место на исто ниво биле и други вработени во инспекторатот;

- Непосредно по именувањето на лицето за в.д. директор на ДПИ, истиот направил проверка на Предмет д 0 дина и година доставен до Државниот просветен инспекторат од страна на Државната комисија за спречување на корупција, за извршен вонреден инспекциски надзор во месец февруари 2023 година на Инспекцискиот надзор и постапувањето по овој предмет го спровел просветниот инспектор .
- Врз основа на наводи од спроведената проверка, именуваниот директор доставил иницијатива за поведување на дисциплинска постапка против до раководителот на Секторот за инспекциски надзор, по што раководителот дал Предлог бр година за отпочнување на дисциплинска постапка. Следствено, врз основа на поднесениот Предлог, директорот на Државен просветен инспекторат на 10.07.2023 година донел Решение за формирање Комисија за водење на дисциплинска постапка за дисциплински престап со број д одина. Од страна на Комисијата за водење на дисциплинска постапка за дисциплински престап е одржана седница на ден 21.07.2023 година. Комисијата, по спроведената главна расправа, а согласно записниците од расправата и земајќи ги во предвид сите факти и докази, истата утврдила дека државниот службеник и го сторил дисциплинскиот престап за кој се повикува и донела Предлог за изрекување на дисциплинска мерка за сторен дисциплински престап по предлогот за поведување постапка за утврдување дисциплинска одговорност број од одина. Предложената дисциплинска мерка му била изречена со Решение за изрекување на дисциплинска мерка 0 од година.
- Таквото Решение било поништено со Одлука со дел. број година на Агенцијата за администрација доставена, од причини што настапила застареност за поведување на дисциплинска постапка согласно член 78 став 2 од Законот за административни службеници.
- Во периодот од март 2023 година до февруари 2024 година се водени дисциплински постапки и се изрекувани дисциплински мерки и за други вработени во ДПИ. Сите дисциплински постапки се водени на иницијативи од Инспекцискиот совет, а на предлози од непосредно претпоставени, освен за подносителот на претставката кај кого иницијативата е дадена од страна на в.д. директорот на ДПИ
- Повторно за подносителот на претставката била дадена Иницијатива бр. а покренување на дисциплинска постапка до раководителот на Сектор за инспекцики надзор, за што истиот дал Предлог бр. о в.д. директорот, по што се спровела дисциплинска постапка на одина и на предлог за дисциплинска мерка изречена е парична казна со Решение година.

Република Северна Македонија
**КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА**

ОКСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut
**KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI**

Комисијата согласно така утврдената фактичка состојба, не најде дека е сторена директна дискриминација во смисла на член 6 и член 8 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, ниту пак утврди вознемирување во смисла на член 10 став 1 од истиот закон.

Ова од причини што Комисијата согласно истакнатите наводи и приложените докази од двете страни во постапката, не најде постоење на релевантен дискриминаторски основ, а со тоа и релевантна споредлива ситуација заснована на дискриминаторски основ. Видно од приложените докази за распоредување на вработени од едно на друго работно место во Државниот просветен инспекторат, ваквите дејствија на работодавачот, Комисијата не ги најде за причинско-последично поврзани со националната или етничката припадност како заштитна карактеристика на подносителот на претставката или пак на одредена група на вработени врз која би се издвоиле од друга група на вработени, па споредбено меѓу нив да биде утврден нееднаков третман и која би претставувала дискриминаторски основ во смисла на член 5 од Законот за спречување и заштита од дискриминација.

Комплементарно на наведеното, Комисијата во однос на сите од наведените и утврдени дејствија кои Државниот просветен инспекторат, односно в.д. директорот ги преземал спрема подносителот на претставката, не утврди постоење на дискриминаторски основ како заштитна карактеристика на подносителот, која може причинско-последично да се поврзе со таквите дејствија, односно дека таквите дејствија и однесување спрема подносителот биле во врска со или се мотивирани од одредена негова карактеристика предвидена како дискриминаторски основ, со што би се утврдило вознемирување во смисла на член 10 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација.

Комисијата ценејќи ја утврдената фактичка состојба најде индикативно постоење на дејствија кои во одреден временски период се преземале и биле насочени кон подносителот на претставката, но за истите сметаше дека би можеле да претставуваат дејствија на вознемирување во смисла на одредбите од Законот за заштита од вознемирување на работното место, од причина што истите не се поврзани со определен дискриминаторски основ согласно членот 5 од Законот за спречување и заштита од дискриминација.

Имајќи го во предвид горенаведеното, Комисијата одлучи како и во диспозитивот на ова мислење.

Комисија за спречување и заштита од дискриминација,
Претседател,
Игор Јадровски

*Доставено до:*
1.
2. *Државен просветен инспекторат*
3. *Архива на Комисијата*

КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk